До

Наставно-научниот совет
на Филолошки факултет
„Блаже Конески“
Скопје

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: | 07-03-2023 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 67/5 | | |

Со одлука бр. 08-67/2 од 16.02.2023 година донесена на 84 редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје одржана на 15.02. 2023 година избрани сме за членови на комисијата за избор на демонстратор за студиската програма по албански јазик и книжевност по предметот Албанска книжевност 8 (2+2) во летниот семестар во академската 2022/2023 година.

Избраната Комисија во состав:д-р Теута Арифи, доцент, д-р Мирлинда Крифца Беќири, редовен професор, и д-р Фаркета Дибра Зеќири, доцент, изразувајќи ја својата благодарност кон Наставно-научниот совет на Факултетот за укажаната доверба, по разгледување на доставената документација, го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**за избор на демонстратор за студиската програма Албански јазик и книжевност по предметот Албанска книжевност 8 (2+2) во летниот семестар во академската 2022/2023 година**

На објавениот интерен оглас на веб-страницата и на огласната табла на Факултетот за еден демонстратор за студиската програма Албански јазик и книжевност по предметот Албанска книжевност 8 (2+2) во зимскиот семестар во академската 2022/2023 година се пријави еден кандидат и тоа Илир Салиу.

Кандидатот Илир Салиу е роден на 25.09.2000 година во Кичево. Основното образование го завршил во родниот град, додека средното образование го започнал во СОУ „Дрита“ во Кичево (3 год.), додека 4-та година ја завршил во “American School Macedonia” во Скопје. Додипломските студии (2018 - 20222 год.) ги завршил на Групата албански јазик и книжевност –наставна насока при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, со вкупно 240 кредити, со среден успех 9,65 и се здоби со звањето Дипломиран професор по албански јазик и книжевност.

Во учебната 2022/2023 година, кандидатот Илир Салиу се запиша на втор циклус студии, на студиската програма Наука за книжевност – потпрограма Албанска книжевност и културолошки студии при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Кандидатот Илир Салиу во текот на студиите се занимавал со преводи од англиски, македонски и албански јазик, воглавно од областа на образованието. Во периодот октом. 2020 – јан. 2021 година работиел како практикант - лектор во Агенцијата за Примена на Албанскиот јазик. Во периодот јан. 2021 -октом. 2021 година работел како новинар и модератор во ТВ Алсат, додека во периодот октом. 2021 - март 2022 година работел како преведувач од англиски и македонски на албански за телевизиските услуги GLEY.

Од април 2022 година е ангажиран како креатор и презентер на подкастот “Llafe t`lira me Ilir Saliun” во сите платформи (Youtube, Spotify, Apple

Podcasts, Facebook and Instagram), додека од септември 2022 е ангажиран како професор по Албански јазик и книжевност во Maarif International Schools.

Во документацијата е наведено дека од 2015 година е активен член на „Црвен Крст -Северна Македонија" и редовен член на "Forumi Rinor Edukativ" (Младински Едукативен Форум), Скопје -Кичево, додека од 2017 е и член на Филозофскиот и културен центар "Akropoli i Ri" , како одговорен во секторот Библиотекарство и Волунтаризам.

Кандидатот Илир Салиу, како што се гледа од приложената документација бил и учесник на неколку проекти, како: „Dhuro pak, lumturo shumë." (Подари малку, усреќи многу (2019), на Саемот на книгата -Кичево (2019), на „Меѓународниот Ден на филозофијата -Скопје ((2018-20199, 20199-2020, 2020-2021, 2021-2022), на доброволната акција "Art-therapy", организацијата на воспитно рекреативниот ден со "SOS-Village" - Скопје и многу други образовни и доброволни активности.

Врз основа на гореизложеното, Комисијата заклучи дека кандидатот Илир Салиу поседува дидактички и стручни квалитети и според Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува условите за избор на демонстратор.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на доставената документација и личното познавање, Комисијата заклучи дека кандидатот Илир Салиу ги исполнува условите за избор на демонстратор.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да го избере Илир Салиу за демонстратор на студиската програма Албански јазик и книжевност по предметот Албанска книжевност 8 во летниот семестар во академската 2022/2023 година.

Скопје, 06. 03. 2023 год.

Комисија:

1. д-р Теута Арифи, доцент
2. д-р Мирлинда Крифца Беќири, ред. професор
3. д-р Фаркета Дибра-Зеќири, доцент